# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТИ

## АБП ХОЛТЕР МОНИТОРИНГ (следење на крвниот притисок)

**www.zdravstven-dom.mk**

## Што е АБП мониторинг

АБП мониторинг е континуирано следење на крвниот притисок во тек на **24** часа, додека ги извршувате вашите секојдневни активности. Со него се откриваат варијации во вредностите на крвниот притисок и се дијагностицира хипертензивната болест. Тој помага препишаната терапија да се дозира според дневниот ритам и да се постигне ефикасно лекување на високиот крвен притисок, кој ако не е соодветно третиран доведува до срцеви или мозочни инфаркти, заболувања на бубрезите итн.

## Што може да очекувам при поставување на апаратот

Апаратот за АБП мониторинг ќе ви биде наместен во амбулантата при интерното одделение на ЈЗУ Здравствен дом - Крива Паланка. Испланирајте го денот кога ви е закажано испитувањето да не возите автомобил на долги релации и да не вршите тешки физички работи. Апаратот се состои од манжетна која се става на вашата рака и портабл рекордер кој ги регистрира мерењата на крвниот притисок (стои во футрола на појасот). Во дневниот период мерењата се вршат на секои **30** мин, а во ноќниот период на секои **60** мин. Секогаш кога ќе почне мерењето, сведете ја моменталната физичка

активност на минимум, а раката на која носите манжетна нека мирува. Неопходно е да водите евиденција на вашите активности и тоа: времето на физичките активности, одмор, времето на земање на терапијата (доколку земате) и сите симптоми кои ќе ги почувствувате. Покрај секојдневните активности неопходно е да направите неколку епизоди на замор (одење по угорнина, брзо пешачење, качување и симнување по скали). По **24** часа се враќате назад за да се извади апаратот и компјутерски да се обработат податоците.

## Што е потребно да знам додека го носам апаратот

Доколку апаратот почне да мери постојано, на секои **5** мин, контактирајте не на тел __________ и консултирајте се со медицинска сестра како соодветно да постапите. Треба да внимавате да не ја движите раката на која имате манжетна и да не носите товар во неа додека трае самото мерење.

## Што може да очекувам по добивањето на резултататот

По обработка на податоците, резултатот го чита лекар, кој ја одредува терапијата и вашиот понатамошен третман. Доколку е потребно, тој ќе ве упати на понатамошни испитувања.

